**Проект:**

„Граѓанско сојузништво за репортери без граници“

# ИЗВЕШТАЈ ОД СПРОВЕДЕНА АНКЕТА

## Анализа на јавното мислење за слободата на репортирање



This project is funded by the European Union

**Проектот „Граѓанско сојузништво за репортери без граници“ е поддржан во рамки на програмата за поддршка „safejournalists.net“.**

# С О Д Р Ж И Н А

**ЦЕЛ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО**

**ВОВЕД И МЕТОДОЛОГИЈА**

**ДЕМОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ**

**ИНТЕРПРЕТАЦИЈА НА ПОДАТОЦИ**

**КЛУЧНИ НАОДИ**

**ЗАКЛУЧОЦИ И ПРЕПОРАКИ**

**АНЕКС I: АНКЕТЕН ПРАШАЛНИК**

**РЕЗИМЕ НА ПРОЕКТОТ**

**Оваа публикација е овозможена со поддршка на Европската Унија и содржината е единствена одговорност на Центар за истражување и анализи НОВУС и на никој начин не може да се смета дека ги претставува ставовите на Европската Унија.**

This project is funded by the European Union

## ЦЕЛ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

Истражувањето за потребите на проектот спроведуван од Центарот за истражување и анализи НОВУС во партнерство со Медија Флеш – Струмица имаше за цел да ја истражи моменталната состојба и преку анкетни листови да го мапира јавното мислење за тоа што граѓаните сметаат за слободата на репортирање, дали новинарите во Југоистокот се заплашени или слободно известуваат, каква е состојбата на политиките и практиките за медиумска писменост во општините од регионот за тоа колку граѓаните може да препознаат лажни вести и дезинформации.

Едновремено, истражувањето е наменето да ги утврди и клучните наоди/трендови во однос на степенот на информираност на граѓаните што тие сметаат за слободата на изразување и колку тие ги препознаваат медиумските манипулации и на кој начин реагираат јавно кои ќе послужат во насока на извлекување на заклучоци и препораки.

## ВОВЕД И МЕТОДОЛОГИЈА

За потребите на истражувањето, се користише анкетирањето со прашалник како квантитативен метод што служи за собирање на примарни податоци. Анкетирањето се спроведува заради генерализација на собраните податоци. За да се спроведе анкетирањето неопходно е претходно да се одлучи каков ќе биде примерокот на истражување. Имајќи предвид дека во овој случај станува збор за конкретна таргет група, природата на квантитативното истражување кое што се спроведува на сите возрасти во четири општини од Струмичкиот микро регион и тоа Струмица, Босилово, Василево и Ново Село.

Притоа, во следна фаза се пристапува кон анкетирање само на испитаниците кои одговараат и кои се жители на општините од Струмичкиот микро регион. За податоците да бидат валидни се прави случаен избор на испитаниците како и да се обезбеди репрезентативност на податоци.

Во овој случај, имајќи предвид дека повеќето, ако не и сите, од горенаведените услови се исполнети како и дека онлајн анкетирањето е претходно определениот квантитативен метод, се користеше токму методот на случаен избор како алатка за испитување на јавното мислење што граѓаните сметаат за слободата на репортирање. Истражувањето вклучи анкетирање со електронски прашалник, по споменатите претходно определени тематски целини дефинирани во самиот повик и проектната активност. Прашалникот содржеше вкупно 21 прашање од кои поголемиот број од отворен тип и само неколку од затворен. Анкетата се спроведе на македонски јазик и анонимно, во текот на април – мај месец 2022 г., преку поставување на истата во електронска верзија на онлајн платформите

(фејсбук/твитер), веб страната на ЦИА НОВУС и проектните партнери МЕДИЈА ФЛЕШ, со цел постигнување на што поголем одзив кај граѓаните.

За потребите на анкетата во рамки на проектот "Граѓанско сојузништво за репортери без граници" преку јавен повик беа ангажирани 4 млади лица за спроведување на теренскиот дел на истражувањето, во период од 15.04.2022 до 15.05.2022 година. Работната задача се состоеше во извршување на анкета „лице в лице" со помош на компјутер во градски и селски населби. За избраните кандидати исто така беше организирана и задолжителна обука. Анкетирањето се вршеше преку репрезентативен примерок на популацијата на Струмичкот микро регион (Струмица, Босилово, Василево и Ново Село) каде беа спроведени вкупно 250 прашалници со цел постигнување на релевантна анализа.

## ДЕМОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ

Во однос на генеричките прашања наменети за обезбедување на демографски податоци, френквентноста на застапеност на лицата во анкетата во однос на пол, возраст, национална припадност, местото на живеење/општина е следна:

Анкетата е спроведена на 251 испитаници од кои 46,6 отсто се мажи, а 53 отсто се жени. По етничката припадност, 99% од испитаниците се македонци и 1% турци.



Анкетирани се 251 испитаник од Струмичкиот микро регион, односно од општините Струмица, Василево, Босилово и Ново Село. Анкетата покажува застапеност на цел Струмички микро регион, со тоа што најголем број на испитаниците се од Струмица (42,2%), потоа од Босилово (20,3%), Ново Село (19,9%) и Василево (17,5%).




Анкетираните се на возраст од 18 до 74 години. Според образованието од нив 54,6 отсто се до средно образование, 37,5 со високо образование, додека останатите 7,9 отсто се со основно образование, вишо образование и титула магистер.



# ИНТЕРПРЕТАЦИЈА НА ПОДАТОЦИ

Во рамки на проектот „Граѓанско Сојузништво за репортери без граници“ во партнерство со „Медија Флеш“ - Струмица реализирана е анкета со 21 прашање на 251 испитаници од различен пол, возраст и образование, која е спроведена во четирите општини во Струмискиот микро регион - Струмица, Ново Село, Босилово и Василево.

Од добиените резултати од анкетата генерален заклучок е дека испитаниците се запознати со медумските слободи, медиумската писменост, нападите врз новинарите и воопшто за слободата на информирање.

**За нас најиндикативни се одговорите на следниве прашања: Дали сте запознати дека новинарите се мета на вербални и физички напади?, Дали оправдувате такви напади?, И што е според Вас медиумска писменост?**




Анализирајќи ги одговорите доаѓаме до резултати, кои според нас го одразуваат ниското ниво на медиумска писменост, но и нискиот праг на знаење за работата и улогата на новинарите, кои многу лесно се поистоветуваат со секоја објава на портал или социјалните мрежи, а која не исполнува ниту минимум новинарски правила.

На прашањето дали сте запознати дека новинарите се мета на вербални и физички напади 64,1% од испитаниците одговориле дека се запознати, 21,9% не се запознати, 12,7% сметаат дека новинарите не се напаѓаат, додека само 1,3% од иситаниците дали нејасни одговори.

На прашањето пак, дали оправдувате такви напади 76,9% од испитаниците одговориле дека не оправдуваат, 12,4% одговориле дека „можеби со причина се нападнати“, додека 10,7% одговориле дека не знаат.




Интересни се одговорите на прашањето - **Што е според вас медиумска писменост?**

Имено, во дадените одговори доминираат ставовите дека „медиумска писменост е тоа секој граѓанин да биде запознаен со тоа дали веста што ја чита во моментот е вистинска, да знае од кој е објавена“. Други пак одговориле дека „медиумска писменост е кога знаеме да препознаеме вистинска и лажна вест“, да „бидеме свесни самите ние граѓани за веста што ја читаме дали е вистинска или не“, „медиумската писменост претставува способност да се идентификуваат различни типови на медиуми, а воедно и да се разберат пораките кои се испраќаат од тие медиуми“. „Медиумска писменост претставува поседување вештини за препознавање квалитетни и неквалитетни вести“, „Кога новинарите не известуваат за се што се случува“, „Медиумска писменост е кога народот знае да разграничи која вест е лажна а која е напишана или вербално кажана од други причини (гледаност и слично).“

Неколку одговори се најблиску до дефиницијата на медиумската писменост: „Медиумска писменост е огромен поим, со огромни одговорности од двете страни, како и од страна на новинарите, така и од страна на конзумерите“, „Способност на поединецот критички и самостојно да интерпретира информации, содржини и вести, и да е свесен за последиците од медиумите“, „Медиумската писменост е збир на квалификации кои овозможуваат меѓусебна поврзаност и интеракција меѓу луѓето преку комуникација и споделување на информации. Медиумската писменост е неопходна во денешно време“, „ Функционална писменост во контекст на разбирање на информациите и вестите од различни медиуми“.

Сепак, од дадените одговори радува фактот што многу малку во нив има одговори од типот „не знам“ или „не сум слушнал“, што лесно не доведува до заклучокот дека за медиумската писменост само не се зборува, туку се размислува и се

бараат вистинските одговори кои покажуваат дека досегашните заложби да се зборува за медиумската писменост полека навлегуваат во свеста на граѓаните и за неа тие имаат став.

На прашањето - **Можете ли да наведете еден пример на лажна вест?**, доаѓаме до заклучок дека препознавањето оди тешко, а еден бисер дека лажна вест е војната во Украина, па друг дека Русија го бомбардира Балканот и многу други. Но, има и голем дел од одговорите кои прецизно ги детектираат примерите на лажна вест, што секако зборува дека знаењето за препознавање на лажните вести се повеќе расте.

На прашањето - **Што според Вас треба да содржи една вистинска и целосна вест?** од анкетираните не може да се дојде до целосен одговор, односно во најголем дел одговорите се нецелосни, иако во нив има елементи кои упатуваат на тоа дека делови од вистинската и целосно вест се препознаваат, но не и целосно.

Интересно е што во голем дел од одговорите анккетираните ги потенцираат барањата медиумот кој објавува вест да има импресум и да стои името и презимето на тој којшто ја објавува, како и кои се изворите на веста. Тоа може да само да радува и може да ни биде показател дека публиката веќе има сенс за вистинска вест, иако не и целосни познавања за тоа што треба да содржи една целосна вест.

**Во анкетата беа поставени уште и следниве прашања:**
- Што е според Вас слобода на информирање?
- Дали новинарите во општината и регионот слободно известуваат?
- Колку им верувате на новинарите и на кои новинари најмногу им верувате?
- На кои медиуми најмногу им верувате и зошто?
- Наведете барем три медиуми на кои им им верувате и на исто толку на кои не им верувате.
- Дали личен статус или објава на некоја од социјалните мрежи може да биде вест за да се објави во медиум?
- Дали знаете каде треба да се жалите доколку за Вас е објавена неточна вест или вест која Ве навредува или омаловажува?
- Запознати ли сте со Кодексот на новинарите на Македонија и работата на Советот за етика во медиумите?
- Дали треба да се воведе изучување на предметот „Медиумска писменост“ во средно образование?
- На кое ниво сметате дека е медиумската писменост меѓу младите и воопшто меѓу граѓаните?

За нас позначајни се одговорите на прашањата **дали знаете каде треба да се жалите доколку за Вас е објавена неточна вест или вест која Ве навредува или омаловажува и запознати ли сте со Кодексот на новинарите на Македонија и работата на Советот за етика во медиумите?**







На првото прашање со „Да“ одговориле 36,7% од испитаниците, со „Не“ 33,5%, не знаат 27,9%, а останатите 1,9% одговориле дека тоа треба да го направат во суд или полиција.

На второто прашање високи 55,4% одговориле дека не се запознати со Кодексот на новинарите на Македонија и работата на Советот за етика во медиумите, 20,3% не се сигурни, 9,2% се запознати, а 14,7% воопшто не знаат.

Голем дел од испитаниците се изјасниле за воведување на предметот „Медиумска писменост“ во средното образование 48,2%, со можеби одговориле 32,3% од испитаниците, против се 8,8%, а не знаат 9,2%.



На прашањето – **Дали новинарите во општината и регионот слободно известуваат?**, 42,2 отсто од испитаниците одговориле дека не се запознаени, 37,5 отсто одговориле дека да слободно известуваат, додека 15,9 одговориле дека не известуваат слободно, а дури некои мислат и дека се под притисок, уцени или поткупени за да искриват одредена вест.




Понатаму, на прашањето **- Колку им верувате на новинарите?** во анкетата беа поделени мислењата за тоа колку граѓаните им веруваат на новинарите, со тоа што статистиката покажува дека повеќето, односно 97 од испитаниците (38,6%) се некаде на средина и им веруваат и не им веруваат на новинарите во исто време, додека 19,5% или 49 од испитаниците воопшто не им веруваат, а 8,4% или 21 испитаник целосно им веруваат. Кога станува збор за довербата на граѓаните во различните категории медиуми, најмногу се верува на телевизиите, потоа се радијата, порталите и другите категории страници на интернет, додека довербата во печатените медиуми е најниска.



## КЛУЧНИ НАОДИ

- Електронски спроведената анкета ја одговориле повеќе припаднички на женскиот пол што може да претставува индикатор за нивната поголема респонзивност за темата;
- Анкетата покажува дека најголем број на испитаници се од Струмица што укажува на нивниот ентузијазам за учество во актуелните случувања кои нив ги тангираат;
- Анкетираните се на возраст од 18 до 74 години. Според образованието од нив 54,6 отсто се до средно образование;
- Ниското ниво на медиумска писменост и знаење за работата и улогата на новинарите;
- Неколку одговори се најблиску до дефиницијата на медиумската писменост;
- Препознавањето на лажни вести не е на високо ниво;
- Во голем дел од одговорите анккетираните ги потенцираат барањата медиумот кој објавува вест да има импресум и да стои името и презимето на тој којшто ја објавува, како и кои се изворите на веста;
- Граѓаните не знаат каде треба да се жалат доколку за нив е објавена невистинита вест;
- Граѓаните не се запознаени со Кодексот на новинаритеи работата на советот за етика во медиумите;
- Голем дел од испитаниците се изјасниле за воведување на предметот „Медиумска писменост“ во средното образование;
- Повеќето испитаници не се запознаени со тоа дали новинарите имаат слобода при репортирање/известување;
- Дискутабилно е прашањето за тоа колку граѓаните им веруваат на новинарите, каде има поделени мислења по оваа прашање.

## ЗАКЛУЧОЦИ И ПРЕПОРАКИ

- Во последно време во регионот не се забележани физички напади врз новинарите, освен еден случај на омаловажување на новинар од страна на градоначалник на Валандово, за кој реагираше соодветно и ЗНМ и Регионалниот центар на ЗНМ за Струмица, како и медиумските куќи за кои известува новинарот.

- Натамашно продлобачување на соработката меѓу новинарите, медиумите и граѓанските организации и здруженија врз принципи на меѓусебно почитување и разбирање.

- Натамошно афирмирање на медиумската писменост, посебно каја младите за да може успешно да се препознаваат лажните вести.

- Да се почитува професионалното работење и информирање, а не да биде најважен бројот на допаѓања на одреден текст на некој портал, без притоа порталот да ги исполнува основните параметри за функционирање на еден медиум (импресум, сопственичка структура, автор на текст итн.).

- Потребно е поголемо запознавање со Регистарот на медиуми кој го има објавено ЗНМ и во таа насока да се гради односот на публиката кон медиумите, но и кон препознавање на новинарскиот прозвод за да се разграничи од лажните вести и да се подигне нивото на медиумската писменост, посебно кај младите.

- Ѓраѓанските организации кога реализираат проекти да планираат средства за објави во медумите, а не тоа да го прават со „бустирање“ на социјалните мрежи, бидејќи со тоа проектот ќе биде повидлив за граѓаните и јавноста.

- Работата на граѓанските организации и здруженија да не се злоупотребува од страна политичарите.

- Граѓанските организации да се информираат и запознаваат со работата на Советот за етика во медиумите, како тело за медијација меѓу јавноста и медиумите.

- Јакнење на довербата во професионалните медиуми преку реализирање на заеднички проекти со граѓанскиот сектор и можност од создавање на мрежа на новинарски и граѓански организации за борба против лажните вести и афирмација на медимската писменост.

# АНЕКС I: АНКЕТЕН ПРАШАЛНИК

## Анкетен прашалник

Центар за истражување и анализи НОВУС во периодот од март месец започна со имплементација на проектот "Граѓанско сојузништво за репортери без граници". Проектот има за цел да го привлече вниманието на јавноста и релевантните национални власти за слободата на новинарите и нивната безбедност.
Дополнително, проектот предвидува и активности наменети за зголемување на капацитетот на граѓаните, посебно на младите во Југоисточниот плански регион, за медиумска писменост и препознавање говор на омраза.
Проектот е финансиран од Европската Унија преку safejournalists.net и се спроведува во партнерство со Здружение за медиумска писменост Медија Флеш Струмица.

* Required

1. Пол: *

   *Mark only one oval.*

   - Машки
   - Женски
   - Other: ____________

2. Општина: *

   *Mark only one oval.*

   - Струмица
   - Босилово
   - Василево
   - Ново Село

3. Националност: *

   ____________

4. Возраст: *

   ____________

5. Образование: *

   *Mark only one oval.*

   - Основно
   - Средно
   - Високо
   - Other: ____________

6. Што е според Вас слобода на информирање? *

7. Дали новинарите во општината и регионот слободно известуваат? *

*Mark only one oval.*

- Да
- Не
- Не сум запознаен/а
- Other: ____________

8. На скала од 1 до 5 Колку им верувате на новинарите? (доколку 1 воопшто не им верувате – 5 целосно им верувате) *

*Mark only one oval.*

| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
|---|---|---|---|---|
| ◯ | ◯ | ◯ | ◯ | ◯ |

9. На кои новинари најмногу им верувате? *

10. На кои медиуми и на кои новинари најмногу им верувате и зошто? *

11. Дали сте запознати дека новинарите се мета на вербални и физички напади? *

*Mark only one oval.*

- Да
- Не
- Не сум запознаен/а
- Other: ____________

12. Дали оправдувате такви напади? *

*Mark only one oval.*

- Оправдувам
- Не оправдувам
- Можеби се нападнати со причина
- Не знам
- Other: ____________

13. Што е според Вас медиумска писменост? *

14. Можете ли да наведете еден пример на лажна вест? *

15. Што според Вас треба да содржи една вистинска и целосна вест? *

16. Наведете барем три медиуми на кои им им верувате и на исто толку на кои не им верувате. *

17. Дали личен статус или објава на некоја од социјалните мрежи може да биде вест за да се објави во медиум? *

*Mark only one oval.*

- Да
- Не

18. Дали знаете каде треба да се жалите доколку за Вас е објавена неточна вест или вест која Ве навредува или омаловажува? *

*Mark only one oval.*

- Да
- Не
- Не знам
- Other: ____________

19. Запознати ли сте со Кодексот на новинарите на Македонија и работата на Советот за етика во медиумите? *

*Mark only one oval.*

- ◯ Да
- ◯ Не
- ◯ Не знам
- ◯ Не сум сигурен/рна
- ◯ Other: ____________

20. Дали треба да се воведе изучување на предметот „Медиумска писменост" во средно образование? *

*Mark only one oval.*

- ◯ Да
- ◯ Не
- ◯ Можеби
- ◯ Не знам
- ◯ Other: ____________

21. 15.На скала од 1 до 5 кое ниво сметате дека е медиумската писменост меѓу младите и воопшто меѓу граѓаните?(1 ниско- 5 високо) *

*Mark only one oval.*

| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
|---|---|---|---|---|
| ◯ | ◯ | ◯ | ◯ | ◯ |

# РЕЗИМЕ НА ПРОЕКТОТ

Центарот за истражување и анализи „НОВУС“ го имплементира проект „Граѓанско Сојузништво за репортери без граници“ во партнерство со „Медија Флеш“ – Струмица, поддржан во рамки на програмата за поддршка „safejournalists.net“.

Главната цел на проектот е да се придонесе кон создавање на околина за суштинска партиципација на медиумските здруженија како влијателни актери во општеството во поглед на напредокот на слободата на новинарите од Југоисточниот плански регион и нивната безбедност, како и зголемување на капацитетот на граѓаните, посебно на младите во Југоисточниот плански регион, за критичко размислување преку мотивација за креирање на сопствен став и одговорно изјаснување во јавноста, со користење на аргументи и компетентност.

Целна група се новинари и медиуми, медиумските здруженија, граѓанското општество, младите и локалните самоуправи од Југоисточниот плански регион за воспоставување подобра комуникација и соработка во промовирањето на медиумските слободи, како и подигање на свеста кај граѓаните во процесите на одлучување во областа на медиумските слободи и слободно изразување.

Преку овој Проект треба да се зголеми свеста на младите во Југоисточниот плански регион за критичко размислување преку мотивација за креирање на сопствен став и одговорно изјаснување во јавноста користејќи аргументи и компетентност.

**Проектот „Граѓанско сојузништво за репортери без граници“ е поддржан во рамките на Програмата за поддршка safejournalists.net, финансиран од страна на Европската унија.**